- 4.12.– Проект: ,,Изградба на на 15 (петнаесет) куќи за социјално ранливи категории на граѓани во Општина Штип”

II

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник“ на општина Штип.

Број 08 – 6637/1
25 октомври 2024 година

Штип

Совет на општина Штип
Претседател,

Весна Кожинкова, с.р.

1004.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ И ФИНАНСИРАЊЕ
НА ПРОГРАМА ЗА ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА НОВОГОДИШНИТЕ
И БОЖИЌНИТЕ ПРАЗНИЦИ 2024/2025 ГОДИНА

I

Се објавува Одлука за донесување и финансирање на Програма за одбележување на Новогодишните и Божиќните празници 2024/2025 година.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09-6638/2
28 октомври 2024 година

Ш т и п

Општина Штип
Градоначалник

Иван Јорданов, с.р.

1005.

Врз основа на член 48 став 1 и член 21 став 1 точка 35 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 05/21), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 25 октомври 2024 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДОНЕСУВАЊЕ И ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМА
ЗА ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА НОВОГОДИШНИТЕ
И БОЖИЌНИТЕ ПРАЗНИЦИ 2024/2025 ГОДИНА

Член 1

Се донесува Програмата за одбележување на Новогодишните и Божиќните празници 2024/2025 година.

Член 2

Составен дел на оваа Одлука е Програмата за одбележување на Новогодишните и Божиќните празници 2024/2025 година.

Член 3

Средствата во износ од 5.383.000,00 денари за реализирање на Програмата ќе се обезбедат од Буџетот на Општина Штип за 2024 и 2025 година.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08 – 6638 /1
25 октомври 2024 година

Штип

Совет на Општина Штип
Претседател,

Весна Кожинкова, с.р.

ПРОГРАМА
ЗА ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА НОВОГОДИШНИТЕ
И БОЖИЌНИТЕ ПРАЗНИЦИ **2024/2025 ГОДИНА**

Активностите кои се однесуваат на одбележувањето на Новогодишните и Божиќните празници, а се во надлежност на Градоначалникот на Општина Штип, годинава се хронолошки сепарирани во Оперативна програма, изготвена од страна на Одделението за поддршка на градоначалникот.

**Празнично украсување на градот**

Во периодот од 01.12.2024-30.12.2024 година е предвидено традиционално новогодишно украсување на градот. Оваа активност ги вклучува следните позиции:

- Кружен тек на влез на бензинска пумпа “Лукоил”
- Булевар “Гоце Делчев”
- Улица “Кирил и Методиј„(Подвозник под зграда и кружен тек)
- Пешачка улица „Ванчо Прќе“
- Наменско украсување на 7(седум) мостови
- Кружен тек „Дујле“
- Зграда на Општина Штип
- Пешачки мост „Пролет“
- Парк наспроти х.Оаза
- Плоштад „Слобода“

***Вкупната вредност на оваа активност изнесува 3.600.000,00 денари.***

**Вредносни ваучери за дежурните служби во Општина Штип**

За општинските служби кои за потребите на празничните активности воведуваат дежурства, Градоначалникот обезбедува ваучери во вредност од 3.000,00 денари, наменети за набавка на материјални и/или физички добра.

Оваа програмска активност ги вклучува следниве институции:

- СВР Штип;
- Противпожарна служба;
- Филтер станица – ЈП „Исар“;
- Итна медицинска помош;
- Дежурен вработен – обезбедување општинска зграда;
- Казнено-поправен дом Штип;
- ЈП „Стипион“;
- Центар за управување со кризи
- АРМ
-Мнет
-Тв Стар

Предвидена е средба помеѓу Градоначалникот и претставници на овие институции, во чии рамки ќе се изврши распределбата на вредносните ваучери.
***<u>Вкупната вредност на оваа активност изнесува 33.000,00 денари</u>***.

**Посета на првороденото бебе во Новата година**

Традиционална посета на Одделот за гинекологија и акушерство при Клиничката болница Штип, по повод првороденото бебе во Новата година.

Локалната самоуправа доделува вредносен ваучер (20.000,00 денари) за Одделот, додека во соработка со „Комерцијална банка“ како традиционален донатор, се обезбедуваат подароци и штедна книшка со почетен вложен износ од 10.000,00 денари за првото новороденче/родилка во Новата година.

Традиционална посета на Прва приватна болница „Органџиски“-Штип при Одделот за гинекологија и акушерство, по повод првороденото бебе во Новата година.

Локалната самоуправа доделува вредносен ваучер (20.000,00 денари) за Одделот, додека во соработка со „Комерцијална банка“ како традиционален донатор, се обезбедуваат подароци и штедна книшка со почетен вложен износ од 10.000,00 денари за првото новороденче/родилка во Новата година.
***<u>Вкупната вредност на оваа активност изнесува 40.000,00 денари</u>*.**

**Чествување на празникот Водици**

Во рамки на активностите за одбележување на верскиот празник „Водици“ на 19-ти јануари, предвидено е традиционално доделување награди од страна на Градоначалникот, за двајца верници кои ќе го фатат крстот кај Емир Ќучук султановиот мост и мостот во Ново Село.

***<u>Вкупната вредност на оваа активност изнесува 30.000,00 денари.</u>***

**Организирање на Новогодишен Базар**

Во рамки на активностите за одбележување на новогодишните и божиќните празници Општина Штип во периодот од 07.12.2024 година до 27.12.2024 година ќе организира Новогодишен Базар кој ќе се оддржи на Пешачка улица „Ванчо Прќе“ –Штип.

***<u>Вкупната вредност на оваа активност изнесува 1.600.000,00 денари</u>.***

**„Сите заедно за безгрижни Божиќни празници“**

Во рамки на активностите за одбележување на Верските празници Бадник и Божиќ, предвидено е традиционално доделување на Бадникови и Божиќни пакети под мотото „ Сите заедно за безгрижни Божиќни празници“ преку Фондацијата за информатичка технологија и солидарен фонд-Штип.

***<u>Вкупната вредност на оваа активност изнесува 100.000,00 денари</u>.***

**БУЏЕТСКА РАМКА**
**НА ПРОГРАМАТА ЗА ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ**
**НА НОВОГОДИШНИТЕ И БОЖИЌНИТЕ ПРАЗНИЦИ**
**2024/2025 ГОДИНА**

| **Активности** | **Предвидени средства (во денари)** |
|---|---|
| **Празнично украсување на градот** | *3.600.000,00 денари* |
| **Вредносни ваучери за дежурните служби во Општина Штип** | *33.000,00* денари |
| **Посета на првороденото бебе во Новата година** | *40.000,00 денари* |
| **Чествување на празникот Водици** | *30.000,00 денари* |
| **Организирање на Новогодишен базар** | *1.600.000,00* денари |
| **„Сите заедно за безгрижни Божиќни празници“** | *100.000,00 денари* |
| **Вкупно** | *5.383.00,00 денари* |

1006.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРОГРАМА ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА ЗНАЧАЈНИ НАСТАНИ И ЛИЧНОСТИ СО СПОМЕН ОБЕЛЕЖЈА 2023-2027 ГОДИНА

I

Се објавува Програма за дополнување на Програмата за одбележување на значајни настани и личности со спомен обележја 2023-2027 година.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09-6639/2 Општина Штип
28 октомври 2024 година Градоначалник

Ш т и п Иван Јорданов, с.р.

1007.

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) член 21 став 36 од Статутот на општина Штип („Службен гласник на Општина Штип “бр. 1/03 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 05/21) и членот 17 од Закон за меморијалните споменици и спомен обележјата („Службен весник на Република Македонија бр. 66/04, 152/15 и 103/21), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 25 октомври 2024 година, донесе:

ПРОГРАМА
ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ОДБЕЛЕЖУВАЊЕТО НА ЗНАЧАЈНИ НАСТАНИ И ИСТАКНАТИ ЛИЧНОСТИ СО СПОМЕН ОБЕЛЕЖЈА 2023-2027

I

Во програмата за одбележување на значајни настани и истакнати личности со спомен обележја 2023-2027 (Службен гласник број 18/22, 3/24 и 12/24) во поглавјето II -точката а) се дополнува со нова алинеја која гласи:

- Изградба на спомен обележје (биста) посветено на револуционерот Славејко Арсов.

( да се постави во училишниот двор пред влезџот на училишната зграда на ООУ„Славејко Арсов)

II

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник“ на Општина Штип.

Број 08 – 6639 /1 Совет на Општина Штип
25 октомври 2024 година Претседател

Ш т и п Весна Кожинкова, с.р.

1008.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ПОДИГАЊЕ, ЧУВАЊЕ, ОДРЖУВАЊЕ, ЗАШТИТА И КОРИСТЕЊЕ НА СПОМЕН ОБЕЛЕЖЈЕ ПОСВЕТЕНО НА РЕВОЛУЦИОНЕРОТ СЛАВЕЈКО АРСОВ

I

Се објавува Одлука за подигање, чување, одржување, заштита и користење на спомен обележје посветено на револуционерот Славејко Арсов.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09-6640/2 Општина Штип
28 октомври 2024 година Градоначалник

Ш т и п Иван Јорданов, с.р.

1009.

Врз основа на член 18 став 1 од Законот за меморијални споменици и спомен обележја(„Службен весник на РМ“ број 66/04, 89/08 и 152/15) и член 21 став 1 точка 35 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11 , 13/14 и 5/21), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 25 октомври 2024 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА ПОДИГАЊЕ, ЧУВАЊЕ, ОДРЖУВАЊЕ, ЗАШТИТА И КОРИСТЕЊЕ НА СПОМЕН-ОБЕЛЕЖЈЕ ВО ЧЕСТ НА РЕВОЛУЦИОНЕРОТ СЛАВЕЈКО АРСОВ

Член 1

Се подига спомен обележје во чест на револуционерот Славејко Арсов.

Член 2

Спомен-обележјето ќе се постави во училишниот двор пред влезот на училишната зграда на ООУ „Славејко Арсов“ населба „Баби“.

Спомен-обележјето ќе биде изработено во облик на биста во еден дел и ќе го одразува ликот (портрет) на револуционерот. Бистата ќе биде изработена од материјал полимер. Бистата ќе биде поставена на постамент (од цементна основа обложена со декоративни плочки). Во делот на постаментот на горната половина ќе биде испишан текст: ***СЛАВЕЈКО АРСОВ, револуционер (1878-1904*)**

Бетонската подлога – постамент на која ќе биде поставена бистата ќе биде со димензии: 45Х45 м , во основа и со височина од 1.10 м .

Вкупната висина на спомен-обејежјето ќе биде1.80 м

Хортикултурното уредување околу спомен-обележјето ќе биде од зимзелени украсни нискостеблечки растенија. Истиот ќе биде соодветно осветлен.

Член 3

Подигањето на спомен обележјето ќе се реализира од страна на авторот на идејното решение, академски вајар Далибор Николовски.

Член 4

Средствата за подигање на спомен обележјето ќе бидат обезбедени од донации.

Член 5

Општина Штип согласно Законот ќе се грижи за чување, одржување, заштита и користење на спомен обележјето.

Член 6

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08 – 6640 /1
25 октомври 2024 година

Ш т и п

Совет на Општина Штип
Претседател

Весна Кожинкова, с.р.

1010.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ПРИЗНАНИЈА 8-МИ НОЕМВРИ ЗА 2024 ГОДИНА

I

Се објавува Одлука за доделување на признанија 8-ми ноември за 2024 година.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09-6641/2
28 октомври 2024 година

Штип

Општина Штип
Градоначалник

Иван Јорданов, с.р.

1011.

Врз основа на член 48 став 1 и член 21 став 1 точка 35 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип” број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11,13/14 и 5/21), а во врска со член 1 став 4 од Одлуката за востановување на општински награди и признанија („Службен гласник на Општина Штип” број 16/09 и 15/11), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 25 октомври 2024 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ „ПРИЗНАНИЕ 8МИ НОЕМВРИ”
ЗА 2024 ГОДИНА

Член 1

По повод 8ми Ноември-Денот на ослободувањето на Штип се доделува „Признание 8ми Ноември” за 2024 година.

Член 2

„Признанието 8ми Ноември” за 2024 година се доделува на:

- **Метотка Стојанов** - За остварени резултати во општествен ангажман - општествено добро – учество во гаснењето на шумски пожари од воздух како пилот.
- **Драган Јовановски** - За остварени резултати во општествен ангажман општествено добро – учество во гаснењето на шумски пожари од воздух како пилот.
- **НЕЦИ** - **Здружение за социјална инклузија и доживотно учење - Штип** - За особен придонес во областа образованието и доживотното учење.
- **Стојан Арсов** - За афирмација на спортот како фудбалер на ФК „Брегалница“ Штип.
- **Димкови Марија и Стојан** - За афирмација на културното наследство и заштита на правата на Македонците од егејскиот дел на Македонија.

- **Иван Костевски** - За афирмација на градот на меѓународни натпревари
- **Кирил Кузманов** - За афирмација на градот како музичар.
- **Виктор Велинов** - За поддршка и меценство на спортски клубови и афирмација на општествени вредности.
- **проф.д-р Мишко Џидров**, Државен Универзитет „Гоце Делчев Штип, за неговиот придонес и залагање во сферата на науката и високото образование како професор на Машинскиот факултет,
- **Јасмина Чанева** - за афирмација на градот како основач на новиот моден бренд СЕРВЕС
- **Ликовното студио „Колорис“ - Штип** за афирмација на ликовната уметност.
- **полковник Методи Хаџијанев** - за неговиот придонес за безбедноста и одбраната

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08 – 6641 /1
25 октомври 2024 година
Штип

Совет на Општина Штип
Претседател
Весна Кожинкова, с.р.

1012.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОК ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈ
ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА НА ШТИПСКО КУЛТУРНО ЛЕТО 2024

I

Се објавува Заклучок за усвојување на Извештај за реализација на програмата на Штипско културно лето 2024.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09-6642/2 — Општина Штип
28 октомври 2024 година — Градоначалник

Ш т и п — Иван Јорданов, с.р.

1013.

Врз основа на член 49 став 1 и член 21 став 1 точка 36 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 05/21), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 25 октомври 2024 година, донесе

З А К Л У Ч О К
ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА НА ШТИПСКО КУЛТУРНО ЛЕТО 2024

I

Се усвојува Извештај за реализација на програмата на Штипско културно лето 2024.

II

Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08 – 6642 /1 — Совет на Општина Штип
25 октомври 2024 година — Претседател,

Ш т и п — Весна Кожинкова, с.р.

1014.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ОДОБРУВАЊЕ ФИНАНСИКИ СРЕДСТВА ЗА ПЕЧАТЕЊЕ НА СТИХОЗБИРКА „ИЗБЛИЦИ НА ЕДНА МЛАДОСТ“ ОД ДЕСПИНА РИСТОВА ДЕЛИПЕТРОВА

I

Се објавува Одлука за одобрување финансиски средства за печатење на стихозбирката „Изблици на една младост“ од Деспина Ристова Делипетрова.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09-6643/2
28 октомври 2024 година
Штип

Општина Штип
Градоначалник
Иван Јорданов, с.р.

1015.

Врз основа на член 46 и член 21 став 1 точка 25 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип” број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 25 октомври 2024 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ОДОБРУВАЊЕ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ЗА ПЕЧАТЕЊЕ НА СТИХОЗБИРКАТА „ИЗБЛИЦИ НА ЕДНА МЛАДОСТ“ ОД ДЕСПИНА РИСТОВА ДЕЛИПЕТРОВА

### Член 1

Се одобруваат финансиски средства за печатење на стихозбирката „Изблици на една младост“ од Деспина Ристова Делипетрова во висина од 5.000,00 денари.

### Член 2

Средствата од член 1 на оваа Одлука ќе се исплатат од Буџетот на Општина Штип за 2024 година.

### Член 3

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип”.

Број 08 – 6643 /1
25 октомври 2024 година
Штип

Совет на Општина Штип
Претседател
Весна Кожинкова, с.р.

1016.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ОДОБРУВАЊЕ ФИНАНСИКИ СРЕДСТВА НА КУД РИСТО ДОНЕВ УЧИТЕЛОТ ШТИП ЗА ОРГАНИЗАЦИЈА НА НОВОГОДИШЕН КОНЦЕРТ

I

Се објавува Одлука за одобрување финансиски средства на КУД Ристо Донев учителот Штип за организација на Новогодишен концерт.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09-6644/2 Општина Штип
28 октомври 2024 година Градоначалник

Ш т и п Иван Јорданов, с.р.

1017.

Врз основа на член 46 и член 21 став 1 точка 25 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип” број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 05/21), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 25 октомври 2024 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ОДОБРУВАЊЕ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА НА КУД РИСТО ДОНЕВ УЧИТЕЛОТ ШТИП ЗА ОРГАНИЗАЦИЈА НА НОВОГОДИШЕН КОНЦЕРТ

Член 1

Се одобруваат финансиски средства во износ од 20.000,00 денари на КУД Ристо Донев учителот Штип за организација на Новогодишен концерт.

Член 2

Средствата од член 1 на оваа Одлука ќе се исплатат од Буџетот на Општина Штип за 2024 година.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип”.

Број 08 – 6644 /1 Совет на Општина Штип
25 октомври 2024 година Претседател

Ш т и п Весна Кожинкова, с.р.

1018.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОК ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ПОЛУГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА ЈАВНАТА БЕЗБЕДНОСТ И БЕЗБЕДНОСТА ВО СООБРАЌАЈОТ НА ПАТИШТАТА НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ШТИП ЗА ПРВОТО ПОЛУГОДИЕ ВО 2025 ГОДИНА

I

Се објавува Заклучок за усвојување на Полугодишен извештај за јавната безбедност и безбедноста во сообраќајот на патиштата на подрачјето на Општина Штип за првотот полугодие во 2025 година.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09-6645/2 Општина Штип
28 октомври 2024 година Градоначалник

Ш т и п Иван Јорданов, с.р.

1019.

Врз основа на член 49 став 1 и член 21 став 1 точка 36 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип” број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), а во врска со член 25 став 1 од Законот за полиција („Службен весник на РМ” број 114/06, 06/09, 145/12, 41/14, 33/15,

31/16, 106/16, 120/16, 21/18 и 64/18), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 25 октомври 2024 година, донесе

З А К Л У Ч О К
ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ПОЛУГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА ЈАВНАТА БЕЗБЕДНОСТ И БЕЗБЕДНОСТА ВО СООБРАЌАЈОТ НА ПАТИШТАТА НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ШТИП ЗА ПРВОТОТ ПОЛУГОДИЕ ВО 2025 ГОДИНА

I

Се усвојува Полугодишен извештај за јавната безбедност и безбедноста во сообраќајот на патиштата на подрачјето на Општина Штип за првотот полугодие во 2025 година.

II

Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип”.

Број 08 – 6645/1
25 октомври 2024 година

Ш т и п

Совет на Општина Штип
Претседател

Весна Кожинкова, с.р.

1020.

Врз основа на член 50 став (1) точка 14 и точка 16 од Законот за локалната самоуправа ( Службен весник на Република Македонија бр. 05/02), а во врска со член 4 и член 14 од Општиот колективен договор за јавен сектор ( Службен весник на Република Северна Македонија број 154/23) Градоначалникот на Општина Штип го донесе следново:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за зголемување на основна бруто плата**

1. 1.На вработените во општинската администрација на Општина Штип, од редот на административните службеници, вработените кои извршуваат помошно- технички работи како и на професионалните пожарникари основната бруто плата им се зголемува за 0.7%
2. Зголемувањето на основната бруто плата на вработените во општинската администрација во Општина Штип за 0,7% ќе започне да се применува со исплатата на плата за месец септември.
3. Ова решение влегува во сила на денот на неговото донесување и истото ќе се објави во Службен гласник.

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

Согласно член 14 од Општиот колективен договор за јавниот сектор, основната бруто плата на вработените во јавниот сектор се зголемува за разликата од 3% од индексот на трошоци на живот во првите шест месеци од 2024 година споредено со индексот на трошоци на живот во првите шест месеци од 2023 година. Согласно соопштението на Државниот завод за статистика од 08.07.2024 година, индексот на трошоци на живот во првите шест месеци од 2024 година, споредбено со индексот на трошоци на живот за првите шест месеци од 2023 година изнесува 3.7%. Оттука основната бруто плата на сите вработени во јавниот сектор се зголемува за 0.7%.

Во член 4 од Општиот колективен договор за јавниот сектор е наведено дека истиот е обрзувачки за сите работодавачи од јавниот сектор, а согласно Законот за вработените во јавниот сектор и единиците на локалната самоуправа се работодавач од јавниот сектор се одлучи како во диспозитицвот на ова Решение.

Број 09-6293/1
09.10.2024 година

Ш т и п

Општина Штип
Градоначалник

Иван Јорданов, с.р.

1021.

Врз основа на член 50 став (1) точка 13, 14 и 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 05/02), член 34 став (1) и член 40 од Законот за вработените во јавниот сектор „Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 143/19 и 14/20) Градоначалникот на Општина Штип, донесе:

## ПРАВИЛНИК ЗА РАБОТЕН РЕД И ДИСЦИПЛИНА И ОДНЕСУВАЊЕ НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ОПШТИНА ШТИП, (ЕТИЧКИ ПРАВИЛА)

### 1. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој Правилник се пропишуваат етичките стандарди за начинот на однесување, дејствување, стручност, ефикасност и начинот на облекување на административните службеници и помошно-техничките лица вработени во општинската администрација во Општина Штип и професионалните пожарникари вработени во ТППЕ во Општина Штип (во натамошниот текст: вработените во Општина Штип).

Овој Правилник претставува збир на професионални стандарди и вредности кои се применуваат подеднакво за сите вработени во Општина Штип.

## 2. ЦЕЛИ НА ЕТИЧКИОТ КОДЕКС

Член 2

Постигнувањето на зацртаните цели на една институција е резултат на поставените стандарди и правила на однесување. Околината во која работиме во последните неколку години се менува со забрзано темпо, како во однос на законската регулатива, така и од аспект на барањата за постигнување на сè повисоки стандарди во работењето. Оттаму произлегува и потребата од усогласување на стандардите на однесувањето на вработените и донесување на Правила за однесување на вработените во Општина Штип ( во натамошниот текст: Етички правила)

Целта на овој Етички кодекс е:

- поттикнување и унапредување на етичкото и добро однесување на вработените во Општина Штип;
- остварување на стратешките цели и приоритети на Општина Штип;
- зајакнување на довербата на граѓаните во работата на Општина Штип и
- зголемување на задоволството на корисниците од услугите кои ги дава Општина Штип.

Овој Етички кодекс не пропишува нови обврски за вработените, туку се повикува на системот на вредности на Општина Штип, како израз на нејзината професионалност и деловност на сите нивоа.

Член 3

Овие Етички правила не ги заменуваат стандардите и правилата утврдени во законските прописи кои се однесуваат на права, должностите и одговорностите на вработените и во Кодексот за административни службеници на РСМ.

Вработените ги следат принципите и барањата на овие правила и со истите го усогласуваат своето работење.

За да се биде дел од тимот на Општина Штип и да се сподели организациониот идентитет и култура, потребно е секој вработен да се фокусира на професионално извршување на работните задачи и обврски, да се посвети на постигнување на најдобри резултати но и да прифати одговорност.

Вработените се должни да придонесат за поголема успешност на Општина Штип, а тоа најдобро може да се направи доколку се почитува редот и дисциплината како и одредбите од овие Етички правила.

Вработените, без исклучок и без оправдување се должни да се придржуваат кон законските прописи, интерните акти, одлуки, решенија, пропишаните процедури, упатства, наредби и вообичаени норми на однесување.

## 3. ПОЧИТУВАЊЕ И ЕВИДЕНТИРАЊЕ НА РАБОТНО ВРЕМЕ, ИЗДАВАЊЕ, ЗАМЕНА И КОРИСТЕЊЕ НА ЕЛЕКТРОНСКА ИДЕНТИФИКАЦИОНА КАРТИЧКА.

### 3.1. ПОЧИТУВАЊЕ НА РАБОТНО ВРЕМЕ

Член 4

Извршување на работните обврски е поврзано со доследно почитување на работно време и други обврски кои произлегуваат од работното место.

Вработените во Општина Штип, без исклучок, ја почитуваат Наредбата со број 09-5679/1 од 29.10.2021 година за распоредот на работното време како и начинот на користење на распоредот на работно време.

Вработените во Општина Штип се долни да се придржуваат до почетокот и крајот на работното време за вршење на своите служби и должности, како и до времето определено за дневен одмор (пауза).

Работното место не смее да се напушти во текот на работното време, освен ако непосредно претпоставениот за тоа биде известен и ако тоа го одобрил.

За времетраењето на паузата во текот на работното време, во одредени ситуации, непосредно претпоставениот треба да обезбеди присуство на вработено лице во работната просторија заради континуитет на работата.

### 3.2. ЕВИДЕНТИРАЊЕ НА РАБОТНОТО ВРЕМЕ

Член 5

Вработениот во Општина Штип задолжително го евидентира работното време, при секој влез и излез од работните простории на општината, поединечно, секој сам за себе и на дневна основа.

Вработениот не врши евидентирање на работното време во име на друг вработен.

Евидентирањето на работното време од ставот 1 од овој Член се врши со електронска идентификациона картичка (во натамошниот текст – картичка) преку системот за електронска евиденција на работно време во Општина Штип (во натамошниот текст – систем за електронска евиденција).

Со отчитување на картичката на апаратот за електронска евиденција на работното време, вработениот го евидентира:

- почетокот и завршувањето на работното време (влез/излез);
- работата за време на неделен одмор;
- работата на празник согласно со закон и
- работата подолго од полно работно време.

Со одбирање на соодветен број од нумеричките ознаки на апаратот за електронска евиденција по што следува отчитување на картичката на апаратот за електронска евиденција на работното време, вработениот го евидентира:

- додека дневната пауза;
- приватното отсуство и
- службеното отсуство.

## 3.3. ИЗДАВАЊЕ, ЗАМЕНА И КОРИСТЕЊЕ НА КАРТИЧКА

Член 6

Картичката за новвработен ја издава Секретарот на Општина Штип (во натамошниот текст – Секретар) врз основа на писмено барање од Одделението за управување со човечки ресурси.

Картичка со писмено одобрение (реверс) во два примероци ја издава Секретарот и за истото води евиденција, а еден примерок од реверсот задржува вработениот.

За издадената картичка, Секретарот, по електронски пат ги известува Одделението за управување со човечки ресурси и непосредно претпоставениот на вработениот.

Во случај на престанок на работниот однос на вработениот, картичка и реверсот за истата, вработениот ги враќа на Секретарот.

Член 7

Картичката се заменува со нова поради дотраеност, оштетување, неупотребливост или губење на истата по писмено барање од вработениот кое е одобрено од непосредно претпоставениот и е доставено до Секретарот.

Овластеното лице и Секретарот го поништуваат реверсот за претходно издадената картичка и издава нова картичка и реверс за истата.

За заменетата картичка Секретарот по електронски пат ги известува непосредно претпоставениот на административниот службеник и одделение управување со човечки ресурси, заради менување на податоците во системот за електронска евиденција.

Менување на податоците во системот за електронска евиденција го врши овластено лице во Одделението за управување човечки ресурси, во соработка и со помош на Секретарот. Сите настанати промени во системот за електронска евиденција на работното време се евидентираат во електронски запис во кој се наведува кој ги извршил промените, кога се направени и оригиналниот изглед на претходните податоци.

Член 8

Вработениот ја почитува обврската за носење на картичката на која се ознаките со лично име и звање.

Вработениот кој од оправдани причини не е во можност да ја користи картичката, веднаш по доаѓањето на работа, по електронски пат доставува известување за истото до непосредно претпоставениот и до Одделението за управување со човечки ресурси.

Неевидентирањето на работното време и ненајавувањето на спреченоста за користење на картичката претставува повреда на овие Етички правила.

Член 9

Користењето на картичката надвор од просториите на Општина Штип или за индиректно добивање на привилегии, услуги или награда во била каков вид, како и умножувањето или правењето на дупликат не е дозволено.

Член 10

Во текот на работното време, вработениот излегува од службените простории на Општина Штип, за службени или приватни потреби, по претходно писмено одобрение од непосредно претпоставениот, односно секретарот доколку нема непосредно претпоставен.

Доколку е спречен да дојде на работа или постојат причина за задоцнува на работа или за порано заминување од работа, вработениот е должен за причините навремено да извести и да побара одобрување од непосредно претпоставениот, односно секретарот доколку нема непосредно претпоставен.

Одобрението од ставот 1 од овој член, вработениот го враќа веднаш по враќањето во просториите на Општина Штип или најдоцна наредниот работен ден.

## 4. КОРИСТЕЊЕ И ОДРЖУВАЊЕ НА РАБОТНИТЕ ПРОСТОРИИ

Член 11

По влегувањето во работната просторија, вработениот ја проверува состојбата во која се наоѓа опремата во истата.

За утврдените недостатоци, вработениот веднаш писмено или по електронски пат го известува непосредно претпоставениот, односно секретарот доколку нема непосредно претпоставен.

По завршување на работното време, вработениот ги исклучува техничките средства кои работат на електрично напојување, а доколку постои техничка можност, ја заклучува просторијата во која работи.

Вработениот не престојува во работните простории на Општина Штип по завршување на работното време, освен за службени потреби и по писмен налог и согласност од непосредно претпоставениот и одобрение од Секретарот.

Работните простории не можат да се користат за приватни посети, освен во случаи кои што се претходно најавени и одобрени од Секретарот.

Член 12

Вработениот е должен да ги чува клучевите од работните простории, магацините, помошните простории, како и клучевите од работните фиокари, плакари и метални каси во кои се чуваат службените документи/записи.

Во случај на губење на клуч, вработениот веднаш писмено го известува непосредно претпоставениот, односно секретарот доколку нема непосредно претпоставен, а надоместот на штетата е на сметка на вработениот.

Во случај на нефункционалност на брава или оштетување на клуч, вработениот веднаш го известува непосредно претпоставениот, односно секретарот доколку нема непосредно претпоставен за потребата од присилно

отворање на работната просторија, магацинот, друга помошна просторија, работниот фиокар, плакар или метална каса.

Присилното отворање од став 3 на овој член се врши во присуство на вработениот за што се составува записник, а надоместот за штета го презема Општина Штип.

Во случај на потреба за присилно отворање во отсуство на вработениот од оправдани причини, отворањето го врши комисија составена од три члена формирана од страна на Секретарот.

За присилно отворање од ставот 4 на овој член, комисијата составува записник, а еден примерок од записникот му се доставува на вработениот во чие отсуство било извршено отворањето.

Член 13

Вработените ги користат работните и другите простории на Општина Штип (канцеларии, сали, писарница, архива, магацин и слично) за службени потреби.

Работните и другите простории на Општина Штип, пред почетокот и по завршување на работното време, потребно да бидат оставени во уредна состојба за што се грижат и вработените особено при напуштање на истите.

Член 14

Во работните и другите простории на Општина Штип не е дозволено:

- вршење на лични и други работи кои не се поврзани со извршувањето на работните задачи и обврски;
- консумирање алкохол, наркотични средства, пушење на тутун и/или цигари и слично;
- посета и задржување на приватни посетители без одобрение согласно член 11 став 5 од овие Етички правила;
- внесување на стоки и други производи со намера за нивна продажба во работните простории;
- доаѓање и присуство во алкохолизирана состојба или под влијание на наркотични средства;
- незаконско поседување, користење на контролирани супстанци или интоксиканти (токсични отрови) кои би имале значително влијание врз работниот учинок или продавање на истите;
- чување и носење на ладно и огнено оружје или други опасни оружја;
- спроведување или учество во каква било игра на среќа;
- употреба на вулгарни зборови, навредливо, непристојно и агресивно однесување, предизвикување на тепачка или било какви напади и закани упатени кон вработените, соработници, корисници на услугите и трети лица;
- било какво дискриминирачко однесување, мобинг и сексуално вознемирување со кое се повредуваат човековите права и
- друго недолично, неетичко и неморално поведение.

Член 15

Во случај на сомневање дека вработениот не ги почитува одредбите од член 14 став 1 точка 2 и 5 од овие Етички правила, Секретарот на Општина Штип може да го задолжи лицето одговорно за заштита и здравје при работа со технички уред/дрегер да направи проверка на состојбата на вработениот, а доколку тоа не е можно или вработениот ја одбие проверката, може да го упати вработениот во придружба на лицето одговорно за заштита и здравје при работа или други лице кое ќе го определи Секретаро, да изврши медицинска анализа на крв и урина и резултатите од оваа анализа да ги достави на Одделението за управување со човечки ресурси.

Член 16

Салата за состаноци вработените ја користат за одржување на колегиуми, работни состаноци, презентации, прием на странки и за други службени активности.

Потребата за користење на салата за состаноци се најавува со барање од вработениот кое по електронски пат се доставува до овластено лице од Секретарот или Секретарот лично најдоцна три часа пред нејзиното користење.

Овластеното лице, односно Секретарот од став 2 од овој член ја потврдува можноста/неможноста за користење на истата во предложениот термин, најдоцна еден час по добивање на барањето.

Потребата за користење на салата за испити и/или за тест на личност за службени активности и/или обуки, се најавува кај овластеното лице од Општина Штип, односно Секретарот заради потврдување на можноста/неможноста за користење на истата во бараниот термин и утврдување на терминот за користење на истата.

За користење на салите на Општина Штип се води уредна евиденција.

## 5. ОТСУСТВО ОД РАБОТА

Член 17

Во случај на спреченост за доаѓање на работа, вработениот во рок од три часа го известува непосредно претпоставениот по електронски пат или во писмена форма преку писарница на Општина Штип.

По исклучок, во случај на виша сила или елементарни непогоди, вработениот го известува непосредно претпоставениот, веднаш по престанувањето на причината која го оневозможила благовременото известување.

Извештајот за привремената спреченост за работа поради болест или повреда, вработениот го доставува преку писарница на Општина Штип до непосредно претпоставениот и до Одделението за управува со човечки ресурси, најдоцна до 24-от ден во тековниот или следниот месец.

Член 18

Во исклучителна околност, а заради приватни потреби (медицински преглед, судска расправа, состанок кај адвокат, нотар или банка, верски обред, непредвидливи настани во семејството и слично), вработениот може да отсуствува од работа до четири работни часа во текот на месецот врз основа од писмено одобрение од непосредно претпоставениот.

## 6. КОРИСТЕЊЕ НА ГОДИШЕН И ПЛАТЕН ОДМОР

Член 19

Годишниот одмор по правило се користи во текот на календарската година.

Годишниот одмор може да се користи во повеќе делови во договор со Секретарот и Градоначалникот на Општина Штип, со тоа што еден дел од годишниот одмор мора да трае најмалку две непрекинати работни недели.

Општина Штип е должна на вработениот да му обезбеди 12 работни дена годишен одмор до крајот на тековната календарска година, а остатокот до 30 Јуни следната година.

На вработениот на кој ќе му престане работниот однос во Општина Штип, Одделението за управување со човечки ресурси му издава потврда за искористениот годишен одмор за тековната година.

Евиденцијата за искористеноста на годишниот одмор за вработените во Општина Штип ја води Одделението за управување со човечки ресурси во електронска форма.

Член 20

Земајќи ги во предвид потребите за работниот процес, како и можностите за одмор и рекреација на вработениот и водејќи сметка за неговите семејни обврски, вработениот има право на користење на 2 дена од годишниот одмор поединечно или последователно во време кога тој ќе го определи.

За користење на деновите од годишен одмор вработениот доставува писмено барање преку писарница на Општина Штип, најдоцна три работни дена пред користењето на истите.

Доколку неговото отсуство посериозно не го загрозува работниот процес на Општина Штип, на вработениот ќе му биде одобрено користење на денови од годишниот одмор со решение.

Член 21

Вработениот има право на платено отсуство од работа заради лични и семејни околности до 10 работни дена во текот на годината согласно Општиот колективен договор за јавниот сектор.

Заради остварување на правото од став 1 од овој член, вработениот поднесува преку писарница на Општина Штип, а отсуството од работа се

остварува без оглед на барањето на процесот на работата и се користи во деновите утврдени во основот на барањето.

Врз основа на писменото барање на вработениот, Одделението за управување со човечки ресурси изработува решение за користење на платен одмор заради лични и семејни околности.

По користењето на платениот одмор, вработениот приложува писмен доказ за оправдување на платеното отсуство.

## 7. ПОСТАПУВАЊЕ СО СЛУЖБЕНИ ДОКУМЕНТИ И ИНФОРМАЦИИ ОД ИСТИТЕ

Член 22

Вработениот има обврска да постапува и да се грижи за службените документи/записи, податоците и другите информации во врска со службената работа согласно Закон и релевантните подзаконски акти.

Вработениот, согласно важечките прописи, потребно е да има соодветно овластување за постапување, пристап, увид, промена или архивирање на какви било документи/записи или податоци кои се во сопственост на Општина Штип.

Вработениот не изнесува од просториите на Општина Штип службени документи/записи во текот на работното време освен за службени потреби поврзани со работа надвор од просториите на општината (надзор, увид и сл.) како и во други случаи кога е неопходно изнесување на службени документи/записи надвор од просториите на општината во кои е претходно одобрение од Секретарот или Градоначалникот на Општина Штип.

Член 23

Веднаш по осознавањето дека службениот предмет со кој е задолжен не се наоѓа во неговата работна просторија или на работната маса, во работниот плакар или фиокар, вработениот го известува непосредно претпоставениот, односно Секретарот доколку нема непосредно претпоставем во писмена форма преку писарница на Општина Штип или преку електронски пат.

Вработен кој ќе пронајде службен документ/запис кој не припаѓа на неговата организациона единица, веднаш го известува непосредно претпоставениот и изработува писмена белешка или изјава со која го потврдува местото, времето и документот кога истиот е пронајден. Пронајдениот документ, заедно со службената белешка или изјавата го предава во писарница.

Вработениот во писарницата ја утврдува организационата единица во која пронајдениот службен документ претходно бил распореден и потоа преку интерната доставна книга го предава на раководителот на секторот/самостојното одделение во кој бил претходно распореден.

Член 24

Информациите до кои доаѓа или со кои располага вработениот, вклучително и личните податоци и податоците за плата се користат исклучива за извршување на работните задачи и обврските од работното место и при

нивно користење се почитуваат највисоките стандарди на тајност и доверливост.

Службените документи/записи кои содржат класифицирани информации вработениот ги чува заклучени во метални каси или метални плакари и истите не се изнесуваат од службените простории.

Вработен након ќе му престане вработувањето во Општина Штип не смее да изнесува податоци и информации од доверлив карактер или поврзани со работењето на Општина Штип во период утврден со закон.

## 8. КОРИСТЕЊЕ НА ОСНОВНИ СРЕДСТВА, СИТЕН ИНВЕНТАР И КАНЦЕЛАРИСКИ И ПОТРОШЕН МАТЕРИЈАЛ

### 8.1. ЗАДОЛЖУВАЊЕ И РАЗДОЛЖУВАЊЕ СО ОСНОВНИ СРЕДСТВА И СИТЕН ИНВЕНТАР

Член 25

Вработениот е должен стварите што се во сопственост на Општина Штип и опремата што му е дадена на користење за извршување на работните задачи и обврски да ги употребува правилно и како добар домаќин во согласност со нивната намена и истите да не ги користи за приватни цели.

За давање на користење на основните средства (работна маса, работна столица, подвижен фиокар, метална каса, сеф, компјутер, мобилен и фиксен телефон, принтер и друго) и ситен инвентар (хефталка, перфоратор, полица, линеар, разводник за кабли, УСБ и друго) што на вработениот мусе доверуваат заради извршување на работните задачи и обврски, Секретарот издава реверс во два примероци од кој еден примерок задржува вработениот, а другиот примерок го задржува Секретарот и за истите води евиденција.

Член 26

Основните средства и ситниот инвентар вработениот ги раздолжува во исправна состојба заедно со реверсот кој се поништува од страна на Секретарот.

Вработениот не ги оштетува или отстранува инвентарните броеви од основните средства и ситниот инвентар.

Во случај на штета и губење на основните средства и ситниот инвентар, вработениот е должен веднаш да го извести непосредно претпоставениот и Секретарот во писмена форма преку писарница или по електронски пат.

Вработениот на кој му престанува работниот однос во Општина Штип, во исправна состојба ги раздолжува основните средства и ситниот инвентар најдоцна три дена пред престанувањето на работниот однос.

При внатрешно просторно разместување на вработениот во друга работна просторија или на друга работна маса, вработениот се задолжува со затекнатите основни средства со реверс, додека ситниот инвентар со кој е задолжен, го задржува.

## 8.2. КОРИСТЕЊЕ НА ТЕХНИЧКА ОПРЕМА

Член 27

Вработениот ја користи техничката опрема на Општина Штип (службен фиксен и мобилен апарат, сим картичка, статички и подвижен компјутер, печатач, апарат за фотокопирање, скенер, проектор и друго) на правилен и домаќински начин и за службени потреби.

Член 28

Вработениот го користи на службените телефони (фиксни и мобилни) е за вршење на работните задачи и обврски.

Вработениот го користи службениот мобилен телефон/сим картичка за службени потреби во согласност со Решението за определување на правото на користење на службен мобилен телефон.

Вработениот се задолжува со службен мобилен телефон, мемориска и сим картичка со реверс.

Во случај на надминување на утврденото право од став 2 од овој член, вработениот потпишува изјава со која ја изразува својата согласност надминатиот лимит изразен во денари, да му биде задржан од првата месечна плата која ќе биде исплатена.

За утврдување на поголем износ на месечната сметка за користење на службен мобилен телефон при службено патување во странство, се одлучува во Решение за упатување на службено патување во странство.

Вработениот кој користи службен мобилен телефон, мемориска и сим картичка е достапен на службениот телефон постојано, а особено за времетраењето на работното време.

По исклучок од членот 27 на овие Етички правила, личните разговори се дозволени со службениот мобилен телефон и сим картичка доколку се со разумно времетраење и зачестеност.

## 8.3. КОРИСТЕЊЕ НА КАНЦЕЛАРИСКИ ДРУГ ПОТРОШЕН МАТЕРИЈАЛ

Член 29

Вработениот го користи доделениот канцелариски и друг потрошен материјал за службени потреби.

Со доделениот канцелариски и друг потрошен материјал, вработениот се однесува економично, ефикасно и како добар домаќин.

## 8.4. КОРИСТЕЊЕ НА СЛУЖНЕНО МОТОРНО ВОЗИЛО И ПРЕВОЗ ОД ОВЛАСТЕНА ТАКСИ КОМПАНИЈА ЗА СЛУЖБЕНИ ПОТРЕБИ

Член 30

За извршување на службените задачи, вработениот има право на користење на службено моторно возило.

Службено моторно возило се користи врз основа на барање во писмена форма кое се потпишува од Секретарот најдоцна три часа пред користење на услугата за превоз за службени потреби.

Користењето на службеното возило го потврдува Секретарот, согласно моменталната состојба на возниот парк на Општина Штип.

Член 31

Во случај кога нема можност за користење на службено моторно возило (неиспрани возила, ангажирани возила за други службени потреби, отсуство на возачот и други причина), вработениот за службени потреби може да користи превоз од овластена такси компанија или приватно возило, но со претходно одобрение од Секретарот.

Член 32

Службено моторно возило сопственост на Општина Штип може да биде управувано од страна на вработен на кого му е издадено полномошно за управување со истото од страна на Секретарот и кој има соодветна дозвола за управување на таков тип на моторно возило.

Службено моторно возило, вработениот не смее да го користи за приватни потреби и во истото не смее да чува лични работи.

Вработениот не смее да ги користи службените возила за неовластени цели и за превоз на други лица на кои тоа не им е одобрено.

По користењето, службеното моторно возило вработениот го довезува на службениот паркинг на Општина Штип.

Клучевите од возилото, ако превозот е завршен до крајот на работното време, вработениот ги предава веднаш на лицето кое е овластено од Секретарот да се грижи за службените возила, а до колку превозот е завршен по истекот на работното време, клучевите од возилото ги предава наредниот работен ден на почетокот на работното време.

За секоја настаната штета при користењето на службеното возило, вработениот кој управува со истото, должен е да го извести веднаш овластеното лице од став 5 од овој член во писмена форма.

Член 33

Начинот на користење на службени возила како и на приватни возила за службени потреби на Општина Штип е во согласност со Правилникот за начинот на користење на службени возила во сопственост на Општина Штип како и постапката за набавка и користење  на моторните бензини/горива и моторни масла за потребите на службените возила со број 09-2597/1 од 18.04.2022 и Правилникот за изменување и дополнување на горенаведениот правилник со број 09-3608/1 од 31.05.2023 година, и во согласност со писменото известување со број 09-4848/1 од 03.08.2023 година за користењето на службени возила од страна на вработените во Општинската администрација.

## 8.5. КОРИСТЕЊЕ НА ИТ ОПРЕМА, ЕЛЕКТРОНСКА ПОШТА И ИНТЕРНЕТ

Член 34

Вработениот во Општина Штип треба да биде свесен дека контактот остварен со користење на е-пошта, интернет адреси и домени регистрирани на име на Општина Штип може да создаде впечаток кај другите дека таквиот пристап го изразува официјалниот став на Општина Штип.

Вработен во Општина Штип:

- ја користи ИТ опремата печатачите, електронската пошта и интернетот за извршување на своите работни задачи и обврски;
- ги користи ИТ опремата и интернетот за стручно усовршување и за пристап до научни, технички и други информации во врска со неговиот професионален ангажман;
- ги користи електронската пошта и интернетот за комуникација со другите институции на јавната администрација, деловни партнери, граѓани и други заинтересирани страни;
- не смее да користи интернет за која било цел која што може негативно да влијаа на Општина Штип и на останатите вработени;

Во работно време вработениот може да го користи компјутерот за следните активности:

- пристап кон информации поврзани со стручно усовршување;
- учество во NEWS-групи, CHAT-сесии и e-mail комуникација и слично, доколку овие комуникации имаат директно врска со извршувањето на работните задачи и обврски.

Ако во таа комуникација вработениот изразува сопствен став, во истиот мора да биде вклучено и посебно предупредување со кое се објаснува дека е тоа личен став а не став на Општина Штип.

Член 35

Вработениот не ја користи ИТ опремата, електронската пошта и интернетот за:

- инсталирање и користење на компјутерски игри, како и апликации кои не се потребни за извршување на работните задачи;
- печатење и скенирање на приватни документи, слики, други материјали и информации;
- снимање на податоци (документи, слики, мултимедија и слично) за приватни цели на преносни мемориски уреди (CD, DVD, USB и слично);
- пребарување, печатење, пристап и печатење на текстуални, графички и мултимедијални информации кои ги преминуваат општоусвоените стандарди на добар вкус и етика;
- служење на онлајн игри, тестови и други забавни содржини (филмови, спотови, музика и слично) како носители на потенцијални опасности по сигурноста на компјутерските системи на Општина Штип и забавување на брзината на интернетот;
- користење на социјални мрежи со голем проток на интернет ресурси (facebook, twitter, youtube, dailymotion и слично);

- извршување на било кои незаконски активности или активности кои на било кој начин би му наштетиле на угледот на Општина Штип и ги прекршуваат нормите на однесување на вработените во јавна администрација;
- извршување на приватни активности, како што се купување на стока и примање на услуги онлајн, продажба на стока, давање на услуги и рекламирање на истите;
- извршување на било која активност што може да ја загрози сигурноста на било кој владин host. Вработениот во Општина Штип мора да ја чува во тајност пристапната шифра на било кој владин интернет host.
- во која било активност на политичко лобирање, промовирање на политички партии, собирање средства и останати политички активности;
- ширење на нетрпеливост по расна, национална, верска, политичка и друга основа.

Член 36

Вработен во Општина Штип е посебно одговорен за:

- рационално користење на ИТ опремата и интернет пристапот;
- придржување на сигурносната политика и процедура во користењето на ИТ опремата, електронската пошта и интернет сервисот и воздржувањето од било која пракса која може да ги загрози компјутерските системи и податоците на Општина Штип, вклучувајќи, но неограничувајќи се на компјутерските вируси кои може да се преземат од интернет;
- одговорно однесување во интернет комуникацијата затоа што вработениот го преставува угледот на Општина Штип,

Доколку вработениот има потреба од информатичка поддршка, потребно е да постапи согласно Процедурата за интервенција, поправка и одржување на ИТ опремата и одржување на хардвер и софтвер.

## 8.6. ВНЕСУВАЊЕ И КОРИСТЕЊЕ НА ДРУГИ ТЕХНИЧКИ СРЕДСТВА И ОПРЕМИ

Член 37

Вработениот може во просториите на Општина Штип да користи приватен персонален компјутер (лаптоп) или елементи од статичен компјутер (монитор, тастатура, куќиште и слично) за извршување на работни задачи и обврски, во согласност со непосредно претпоставениот и одобрение од Секретарот.

Член 38

Во службените простории на Општина Штип, вработениот не може да внесува апарати за оптичко и звучно снимање – фотоапарати, камери, магнетофони и слично.

Во случај кога вработениот носи со себе технички средства и опрема во приватна сопственост од став 1 на овој член, должен е истите да ги пријави кај службата за обезбедување и да ги остави во пријавница на Општина Штип или на друго соодветно место определено за таква намера.

## 9. ПРОФЕСИОНАЛНО ОДНЕСУВАЊЕ, ИЗВРШУВАЊЕ НА РАБОТНИТЕ ЗАДАЧИ И ОБВРСКИ, КОМУНИКАЦИЈА СО ВРАБОТЕНИТЕ, ЈАВНОСТА, ИНСТИТУЦИИТЕ И ТРАНСПАРЕНТНОСТ

### 9.1. ПРОФЕСИОНАЛНО ОДНЕСУВАЊЕ

Член 38

Однесувањето на вработениот, секогаш треба да биде во насока на промовирање социјална и општествена одговорност, рационално користење и заштита на сопственоста, унапредување на благосостојбата, соработка која се темели на доверба и остварување на интереси кои нема да бидат на штета на другите.

Вработениот е должен да воспостави професионална комуникација, да се придржува и да ги применува правилата на однесување како во однос со странките и корисниците на услугите, така и во однос со колегите и раководството.

Активностите и однесувањето на вработените за време на извршување на работните задачи надвор од просториите на Општина Штип и по завршување на работното време не смеат да го нарушат угледот на Општината и на администрацијата во целост.

### 9.2. ИЗВРШУВАЊЕ НА РАБОТНИ ЗАДАЧИ И ОБВРСКИ

Член 39

Вработениот е должен да ги извршува работните задачи и обврски согласно законите, упатствата, наредбите, инструкциите и другите акти.

Вработениот е должен при извршувањето на работните задачи да ги обезбеди сите можни мерки на заштита, безбедност и чување на предметите кои се во сопственост на Општина Штип и истите да ги користи исклучиво за службени цели со ограничено и разумно времетраење.

Вработениот се грижи, односно не го злоупотребува пристапот до информации, базите на податоци, лозинки, интернет, како и за користење на компјутерска опрема, службена е-пошта, картичка, факсимил, токен, службен мобилен и фиксен телефон и/или мобилна претплатничка линија, службено возило и друга опрема и ресурси кои се во сопственост на Општина Штип, а до кои има пристап или е задолжен.

Секој вработен е должен редовно во текот на работно време да ја отвара својата службена е-пошта, да доставува информации/податоци и да одговара на пораките на е-поштата во разумен рок.

Секој вработен за извршување на своите работни задачи и обврски и за своето однесување е одговорен пред непосредно претпоставениот, односно Секретарот, доколку нема непосредно претпоставен и на барање на непосредно претпоставениот или на барање на Секретарот, односно Градоначалникот е должен во разумен рок, кој не е подолг од еден работен ден, да достави извештај за извршената работна задача која му е доделена

односно за неговото однесување, во писмена форма преку архивата на Општина Штип или по електронски пат.

При извршување на работните задачи вработениот може да побара стручна помош и консултации од административните службеници од исто или повисоко ниво, од непосредно претпоставениот, како и од други раководни службеници во Општина Штип.

Вработениот своите работни задачи и обврски ги извршува професионално, стручно и во предвидениот рок, без непотребно одложување во спротивно одговара дисциплински.

## 9.3. КОМУНИКАЦИЈА НА ВРАБОТЕНИТЕ

Член 40

Во интерес на реализација на поставените стратешки цели и приоритети на Општина Штип е воспоставување и одржување добри колегијални односи и комуникација со вработените.

Општина Штип промовира политика на „отворени врати“ во која вработените се охрабруваат да дискутираат за сите службени прашања со своите претпоставени и други вработени, без разлика на категоријата и нивото на кое припаѓаат.

Вработените се должни да негуваат коректни, професионални и колегијални меѓусебни односи засновани на хиерархиски статус, интегритетот на личноста и на принципот на кооперативност.

Вработените во Општина Штип не смеат да постапуваат на начин со кој би се нарушил нивниот личен углед, углед на Општината и на администрацијата во целост и секогаш се сервисно ориентирани кон странките и службените лица од други институции и професионално ги извршуваат своите работни задачи кон странките и другите службени лица во Општина Штип.

Вработениот во односот со другите вработени го негува духот на тимската работа, меѓусебното почитување, укажување на различностите, солидарност и соработка.

Вработениот не доверува работни обврски и не пренесува одговорност за донесување на одлуки на друг вработен, со намера на нивно одложување и тенденција за нанесување на штета на друг.

Вработениот е должен во односот со колегите и раководителите да се однесува со почитување и укажување.

Вработениот ја почитува приватноста и дискрецијата на другите вработени, соработниците и корисниците на услугите.

Член 41

Доколку дојде до недоразбирање на колегијална основа најпрво, со мирен и конструктивен начин да се решаваат сите проблеми помеѓу колегите помеѓу кои дошло до недоразбирање.

Доколку не може недоразбирањето да се реши на мирен и конструктивен начин помеѓу колегите, тогаш потребно е вработените во

општинската администрација написмено да се обратат до некој од посредниците во општинската администрација во Општина Штип согласно Решение за определување на листа на посредници со број 09-6812/1 од 14.11.2022 година согласно одредбите од Законот за заштита од вознемирување на работното место.

## 9.4. КОМУНИКАЦИЈА СО ЈАВНОСТА И ИНСТИТУЦИИТЕ

Член 42

Вработените се должни да внимаваат на интерната или екстерната комуникација, без разлика дали се врши во писмена, усна или електронска форма.

Неточни или несоодветни информации во комуникацијата може да создадат сериозни обврски и соодветен ризик по работењето во Општина Штип.

Комуникацијата со јавноста и институциите бара внимателна оцена и унифицирано разбирање на законите и медиумските аспекти, поради што за изнесување на податоци и информации од деловен интерес како официјален став на Општина Штип потребно е одобрение од Секретарот/Градоначалникот на Општина Штип.

Во случаите кога јавно се коментира работата или се настапува во име на Општина Штип, а во функција на нејзино јавно претставување, изнесените ставови треба да бидат во согласност со официјалните ставови на Општина Штип.

Вработените се должни сите информации кои се од значење за граѓаните на Општина Штип, а се од делокругот на нивното работење редовно да ги ажурираат на официјалната интерент страница на Општина Штип. Исто така вработените информациите кои се од делокругот на нивното работење, а се од значење за граѓаните доколку е потребно вработените даваат изјава за медиумите.

## 9.5. ТРАНСПАРЕНТНОСТ

Член 43

Транспарентност значи обезбедување јавност и воспоставување практика на информирање и отворена комуникација за работењето и функционирањето на Општина Штип.

Вработениот во согласност со законите и надлежностите на Општина Штип, по барање на јавноста, должен е информациите да ги направи и да ги дава навремено, коректно и точно, освен одредени информации кои се од доверлив карактер.

Вработениот не смее да споделува службени информации и несоодветно да ги користи за сопствен приватен интерес или интерес на некое друго лица,

Вработениот не смее да објавува службени информации без претходно општо или конкретно овластување од Секретарот/Градоначалникот на Општина Штип.

Вработениот кој има овластување за давање информации од јавен карактер треба да ги направи сите напори на најдобар начин да ги обезбеди информациите од јавен карактер согласно законските прописи.

Не е дозволено пренесување и публикување во печати и електронски медиуми или на друг начин изнесување лажни и малициозни (злобни) тврдења на сметка на некој вработен, претпоставен или за Општината.

Член 44

Вработениот е должен:

- во комуникација со корисниците на услугите (институции, странки и физички лица) преку телефон, е-пошта, на состаноци и слично да се претстави, односно да се идентификува;
- да се однесува љубезно, со почит и внимание да ги ислуша барањата на корисниците на услугите на Општина Штип и да даде соодветна помош, со особено внимание кон неука странка, лица со посебни потреби;
- во најкус можен рок да одговори на барањата на корисниците на услугите на Општина Штип во писмена или усна форма, во согласност со позитивните правни прописи и важечките интерни акти и стандарди на Општина Штип, како и во согласност со своите овластувања и надлежности;
- на корисниците на услугите на Општина Штип да им пружи одговор на прашања во врска со познати факти, а доколку фактите не му се познати, да ја запознае, односно да се договори со странката за начинот на доставување на бараната информација (е-пошта, пошта, телефон и слично);
- во случај на погрешно дадени информации и грешки, да се извини за направениот пропуст а грешката да ја исправи во најкраток можен рок;
- да избегнува лични и предолги телефонски разговори со службените лица од други институции и физички лица;
- да избегнува и спречува расправии, провокации и конфликти.

## 10. ПРОФЕСИОНАЛНА КОМПЕТЕНТНОСТ И СТРУЧНОСТ

### 10.1. ПРОФЕСИОНАЛНА КОМПЕТЕНТНОСТ

Член 45

Професионалната компетентност подразбира перманентно настојување за стручно усовршување во интерес на подигнување на степенот на знаење, вештини и ставови во извршувањето на работните задачи на секој вработен.

Во извршување на доверените работни задачи вработениот е должен да ги користи потребните професионални знаења и искуства стекнати со дополнителни стручни усовршувања.

Член 46

Стручноста и ефикасноста во работењето на професионалните пожарникари и извршувањето на работните задачи од страна на професионалните пожарникари се одредува во согласност со Правилникот за начинот на одржување и проверка на физичката подготвеност на вработените и на кандидатите за вработување во Територијалната противпожарна единица Штип како и начинот на работа на комисијата за проверка на физичката подготвеност поради управување со ефектот на вработените и кандидатите за вработување во Територијалната противпожарна единица Штип ( Службен гласник на Општина Штип 07/23).

Професионалните пожарникари се должни два дена во текот на неделата да изведуваат физички и кондициони вежби (склекови, стомачни подигања, пешачење, трчање) се со цел подобрување на стручноста и ефикасноста во работата на професионалните пожарникари, односно подобрување и одржување на физичката спремност на сите вработени во ТППЕ Штип. Ваквите физички и кондициони вежби во текот на пролетниот и летниот период професионалните пожарникари ги изведуваат на градскиот стадион во Штип, додека во есенскиот и зимскиот период ги изведуваат во некој од спортските сали на основните или средни општински училишта за што претходно имаат склучено договор за користење на спортска сала.

На дневна основа професионалните пожарникари секојдневно изведуваат вежби во ТППЕ Штип кои се однесуваат на делокругот на нивното работење (вежби на симулиран пожар, природни катастрофи, сообраќајни несреќи) со цел подобрување на ефикасноста во работењето на професионалните пожарникари во ТППЕ Штип.

Член 47

Вработениот е должен да ги извршува работните задачи и обврски во согласност со Уставот, законите и другите прописи.

Ако вработениот смета дека дадената работна задача не е во согласност со Уставот, закон или друг пропис, должен е за тоа да му укаже на лицето кое му ја дало задачата.

Вработениот е должен да постапи по работната задача од став 1 од овој член дадена во писмена форма, освен ако оцени дека нејзиното извршување претставува кривично дело и веднаш за тоа писмено ќе го извести непосредно повисокиот претпоставен од оној кој му ја дал задачата како и Државната комисија за спречување на корупција.

Ако вработениот не го предупреди непосредно претпоставениот дека задачата е неуставна, односно незаконита и ја изврши, тој ќе одговара за нејзиното извршување како и неговиот претпоставен.

**10.2. ПРОФЕСИОНАЛНА СТРУЧНОСТ**

Член 48

Вработените во Општина Штип своите работни задачи согласно работно место на кое се распоредени ги извршуваат стручно, професионално и навремено во согласност со позитивните законски и подзаконски прописи.

Вработените во Општина Штип ја извршуваат својата работа самостојно и навремено, посветувајќи внимание и почитувајќи ги приоритетите и редоследот на задачите.

Вработените во Општина Штип за своите извршени работни задачи доставуваат неделен извештај секој петок најдоцна до 15:00 часот до Секретарот на Општина Штип и раководителот на Одделението за управување со човечки ресурси, преку архивата на Општина Штип.

Доколку петок како последен ден за доставување на извештајот за извршените работни задачи е неработен ден поради државен или верски празник, тогаш вработените извештајот го доставуваат еден ден претходно.

Работните задачи кои вработените во Општина Штип ги имаат извршено во текот на работната недела согласно работното место на кое се распоредени ги внесуваат во посебна Excel табела (Прилог 1) во која е внесена работната задача за работните денови од понеделник до петок (Колона 1) и во истата табела се запишуваат работни часови кои се потребни за извршувањето на работните задачи од страна на вработените во општинската администрација (Колона 2), односно во самата табела се внесува од колку часот во текот на работно време вработениот започнал со извршување на работната задача и во колку часот во текот на работно време вработениот завршил со работната задача (Колона 2).

Во истата Excel табела покрај работни часови за извршување на една работна задача се внесува и видот на работни задачи кои вработениот во текот на еден работен ден ги има извршено, односно кои работни задачи вработениот ги извршил во текот на еден работен ден и колку работни часови има потрошено за да ги изврши истите.

Вработените во општинската администрација покрај работните задачи кои произлегуваат од работно место за кои се распоредени се должни да извршуваат и други работни задачи, кои се во согласност со нивните стекнати професионални и работни компетенции и исти работни задачи се сродно блиски со работните задачи кои произлегуваат од нивното работно место (Колона 2). Вработените вакви работни задачи ги извршуваат по претходно зададено задолжение или овластување од страна на нивниот непосреден раководител или задолжение или овластување издадено од страна на Секретарот/Градоначалникот на Општина Штип.

Исто како што вработените во општинската администрација своите работни задачи ги извршуваат стручно, навреме и професионално исто така и задачите кои се доделени со задолжение ги извршуваат стручно, навремено и професионално. Доколку во текот на работното време и работната недела се појави ваква работна задача вработениот извршувањето на оваа работна задача исто така ја внесува во Excel табела (Колона 3).

Во текот на своето работно време и во текот на работно време, вработени се должни да ги извршуваат своите работни задачи согласно приоритетот на работните задачи кои се доделени. Исто така во Excel табела се внесуваат и извршените работни задачи по приоритет во текот на работната недела и затоа колку време е потребно од работно време за извршување на истите (Колона 3 и 4).

После доставувањето на извештајот на крајот од секоја работната недела, на неделно, месечно и годишно ниво се изготвува статистички извештај за работењето на секој вработен во општинската администрација во Општина Штип.

Согласно месечниот статистички извештај за работењето на секој вработен во општинската администрација во Општина Штип, доколку на месечно ниво вработениот повеќе од половина од своето работно време на месечно ниво извршувал работни задачи кои се доделени со задолжение или овластување, односно извршува работни задачи согласно приоритетот во работните задачи му се доделува паричен надоместок за успешност во работењето согласно Колективниот договор за вработените во Општина Штип.

При извршувањето на работните задачи доделени со задолжение или по приоритет на работна задача, вработениот при доставувањето на неделниот извештај за работа, потребно е во извештајот да направи детален опис на работната задача која што ја има извршено по зададеното задолжение или по приоритет во работната задача и од така извршената работна задача да има конкретна реализација во извршената работна задача.

Доколку вработениот согласно извршените работни задачи доделени со задолжение му е доделен паричен надоместок согласно одредбите од Колективниот договор за вработените во Општина Штип, најмалку двапати во текот на календарската година за извршените работни задачи доделени со задолжение, тогаш вработениот работните задачи кои му се доделени со задолжение ќе ги извршува во временски период повеќе од два месеца, бидејќи истиот за извршените работни задачи доделени со задолжение му е доделена парична награда, за што се смета дека вработениот доделените работни задачи ги извршува со успешност во работењето и вака доделената парична награда се засметува за поповолно право за вработениот согласно одредбите од Колективниот договор за вработените во Општина Штип.

Вработените во општинската администрација во Општина Штип во работењето и однесувањето постапуваат непристрасно, без предрасуди и без намера за остварување на лична корист или амбиција.

Член 49

Стручноста подразбира поседување на внатрешен потенцијал и умеење, истиот да се вложи во исполнувањето на работните задолженија.

Вработениот може да спроведува постапки и активности кои се во согласност со законските прописи.

Вработениот е должен стручно и самостојно да ги исполнува службените задачи, со што ќе придонесе за унапредување на функциите на Општина Штип

преку овозможување развој на кариера, промовирање самостоен професионален развој на кариера и помагање во обезбедување поддршка за напредување во рамките на Општина Штип.

Вработениот е должен да го усовршува своето стручно знаење заради унапредување на професионалните барања и тоа по предлог од непосредно претпоставениот или самоиницијативно, со континуирано вложување во своето стручно знаење и способности, со што се остварува и унапредува мисијата на Општина Штип.

Препорака за стручност и референца која може на вработениот да му користи при ново вработување или унапредување дава Секретарот, Градоначалникот на Општина Штип, по претходно писмено барање доставено преку писарница на Општината.

## 11. ОДНОСИ СО ДЕЛОВНИТЕ СОРАБОТНИЦИ, СУДИР НА ИНТЕРЕСИ И КОРУПЦИЈА

### 11.1. ОДНОСИ СО ДЕЛОВНИТЕ СОРАБОТНИЦИ

Член 50

Односите со деловните соработници треба да се градат врз принципите на взаемно разбирање и доверба, со првенствена грижа и почитување на интересот на Општина Штип.

Вработениот:

- кон деловните соработници треба да се пристапува со должно внимание и почит;
- изборот на соработниците треба да го направи транспарентно, избегнувајќи судир на интереси, подароци и гостопримство;
- не манифестира ароганција, супериорност, омаловажување кон деловните соработници;
- за време на работните средби со деловните соработници посветува целосно внимание и уважување, со максимална сконцентрираност на предметот на дискусија, без лични или телефонски разговори со други лица или извршување на други активности кои не се во врска со работната средба;
- задржува и покажува смиреност и сталоженост дури и во случај на конфликтна ситуација, со цел надминување на истата.

### 11.2. СУДИР НА ИНТЕРЕСИ

Член 51

Вршењето на јавните овластувања е јавна активност, а вработениот секогаш треба да донесува непристрасни одлуки кои се исклучиво во јавен интерес.

Вработениот се однесува на начин со кој довербата на јавноста, стекната преку непристрасна и ефикасна работа на Општина Штип ќе биде зачувана и унапредена.

Вработениот не смее да ја искористува својата службена положба за остварување на личен интерес што е во судир со свесното извршување на службената должност, така што ќе избегнува можност за настанување судир на интереси.

Вработениот при извршување на службените задачи и решавање на правата, должностите и интересите на корисниците на услугите, нема да донесува одлуки врз основа на погрешна и неоправдана лична оценка за постоечката состојба со цел да оствари корист за себе или друг.

Доколку учеството на вработениот во некоја работна задача или активност предизвикува сомнеж за постоење на можен судир на интерес, тогаш треба да се откаже од ужеството со цел да се избегне перцепцијата за пристрасност во извршувањето на службените задачи.

Во случај од став 5 на овој член вработениот е должен да му укаже на лицето кое го определило да ја врши задачата за постоење на можен судир на интереси и да поднесе писмена изјава за тоа до непосредниот раководител.

Вработен кој е овластен да решава или да врши дејствија во постапка на преземање на финансиски обврски, контрола или лице со посебни овластувања не смее да решава, односно да врши дејствија во постапка ако постои судир на интереси.

Доколку вработениот смета дека со неговото учество во конкретната задача, поради постоење на одредени факти, би можела да биде доведена во прашање неговата непристрасност, би требало да се дистанцира или да постапи во согласност со Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

## 11.3. КОРУПТИВНО ОДНЕСУВАЊЕ

Член 52

Вработениот во Општина Штип е должен да се запознае со забраната и ограничувањето на примање на подароци за вработените во јавен сектор.

Вработениот не смее да прима подароци поврзани со неговата работа со исклучок на протоколарни и повремени подароци со пониска вредност.

Непосредното и посредното примање подароци или друга лична корист за отстапки на штета на Општина Штип се смета за облик на коруптивно однесување.

За коруптивно однесување се сметаат и подароците дадени на брачен другар на вработениот, на лице кои живеат заедно со вработениот во вонбрачна заедница, на неговите деца, родители и лица кои живеат во исто домаќинство со вработениот.

До колку вработен во Општина Штип примил подарок, во рок од два работни дена го пријавува и предава подарокот кај овластеното лице во Општина Штип а вредноста на подарокот се утврдува врз основа на пазарната цена.

Пријавувањето на подароците се врши со пополнување на образец-пријава за евидентирање на примени подароци од страна на вработен во јавниот сектор, кој се доставува во електронска или хартиена форма за што во Општина Штип се води евиденција.

Секој подарок се евидентира во книга за евиденција на подароци во електронски или хартиен облик и станува сопственост на Општина Штип.

Подароците кои станале сопственост на Општина Штип се чуваат во посебна просторија, недостапни за вработените се до нивното отуѓување,

Подарокот може да се користи од страна на Општина Штип за остварување законските надлежност, а во случај кога не може да се користи истиот се отуѓува согласно Закон.

## 12. ПОЛИТИЧКА НЕУТРАЛНОСТ И ЗЛОУПОТРЕБА НА РАБОТНО МЕСТО

### 12.1. ПОЛИТИЧКА НЕУТРАЛНОСТ

Член 53

Вработен во Општина Штип, со членство во политичка партија и со учество во партиските активности, не смее да го доведе во прашање вршењето на работните задачи и обврски од работното место во Општина Штип.

Вработен во Општина Штип при вршење на работните задачи и обврски не смее да ги искажува или застапува своите политички и партиски уверувања, ниту да ја наметнува на други својата политичка определба.

Вработен во текот на работното време не смее директно да учествува во изборни активности или во други јавни настапи од таков вид.

Вработен не смее на себе да носи или истакнува партиски симболи во работната просторија на Општина Штип.

### 12.2. ЗЛОУПОТРЕБА НА РАБОТНОТО МЕСТО

Член 54

Вработениот не смее да го злоупотребува работното место за приватни цели и за своја лична корист или корист на неговите роднини, пријатели, организации и фирми кај кој бара вработување, дури и во случаи што таквото однесување не би предизвикувало никаква штета за Општината.

Вработениот не смее несоодветно да го користи авторитетот, да бара, поттикнува, присилува или насочува од друг вработен да врши други активности во работно време освен активностите кои се неопходни за вршење на службените должности или за кои се овластени со закон и други позитивни прописи.

Вработениот не смее да паркира приватното моторно возило на службениот паркинг на Општина Штип, без претходно одобрение од Секретарот, односно лице овластено од него за грижа за службените возила.

Вработениот води сметка да не предизвикува бучава во просторијата во која работи која може да го попречи работењето и извршувањето на работните задачи и обврски на останатите вработени.

## 13. ПРОФЕСИОНАЛЕН ИЗГЛЕД НА ВРАБОТЕНИТЕ

Член 55

Професионалното однесување покрај ефикасното, ефективното и економичното извршување на работните задачи и обврски, во едно се рефлектира и преку личниот изглед на вработениот. Сликата што се создава за Општина Штип зависи од изгледот и однесувањето на вработениот на работното место и надвор од него.

Овие правила препорачуваат прикладен избор на лична гардероба.

Вработениот со својот изглед мора да прикажува професионализам и уредност.

Вработениот е должен на работа да доаѓа уреден, одморен и пристојно облечен, што подразбира одбраната облека, со бојата, дезенот и кројот да не предизвикуваат особено внимание.

Накитот, шминката и фризурата и треба да бидат соодветно одбрани за да даваат впечаток на пристојност и уредност и да бидат прилагодени на деловниот изглед.

## 13.1. ЖЕНСКИ ДЕЛОВЕН КОДЕКС НА ОБЛЕКУВАЊЕ

Член 56

Комплетниот изглед и дневната деловна облека на вработената, која е елегантна, но не е впечатлива ги сочинува следните компоненти: костум; комплет или блејзер; фустан или здолниште со должина до или под колената; панталони со нормална широчина; палто; блуза или кошула со долги или со кратки ракави кои ги покриваат рамениците; салонки, чизми, балетанки или чевли кои не ги откриваат целосно прстите, стапалата или петиците; невпечатливо дезенирани или недезенирани хулахопки; обетки и накит кои се невпечатливи и со прикладна големина; уредна фризура; дискретна и ненападна шминка и парфем.

На официјални настани се препорачува построг деловен кодекс на облекување кој за жените претпочита: деловен костум; фустан или здолниште со прикладна должина; панталони со нормална широчина; кошула со долги или кратки ракави; салонки или чевли со соодветна височина.

## 13.2. МАШКИ ДЕЛОВЕН КОДЕКС НА ОБЛЕКУВАЊЕ

Член 57

Дневна облека на вработениот се состои од: костум или блејзер; вратоврска; поло маица или кошула со долги или кратки ракави кои ги покриваат рамениците; панталони со нормална широчина со рабови или без

нив, кои се носат со ремен; палто со долги ракави; уредни чевли кои не ги откриваат прстите, стапалата или петиците, чизми, мокасини; уредна должина на коса, уредно избричени или со негувана и уредна брада и парфем.

На официјални настани се препорачува построг деловен кодекс на облекување кој за мажите претпочита: деловен костум, кошула со долги ракави, ремен, вратоврска и уредни чевли.

## 13.3. КОДЕКС НА ОБЛЕКУВАЊЕ НА ПРОФЕСИОНАЛНИТЕ ПОЖАРНИКАРИ

Член 58

За професионалните пожарникари важи одредбата за чиста, уредна униформа со соодветни обележја согласно Правилникот за видот и изгледот на униформата, видот на заштитната опрема и начинот на проверка и испитување на нејзината исправност (Службен весник на Република Северна Македонија број 166/19 од 09.08.2019 година).

Во времето кога професионалните пожарникари не се на работа или кога не се носи пропишаната униформа се практикува формален начин на облекување со кој се изразува почитта кон професијата професионален пожарникар, почита кон колегите како и почита кон граѓаните на Општина Штип.

## 13.4. НЕПРИФАТЛИВ КОДЕКС НА ОБЛЕКУВАЊЕ

Член 59

Неприфатлив кодекс на облекување е облека која премногу го открива грбот, рамениците, градите, стапалата, стомакот или долната облека; не испеглана, нечиста, изветвена, проѕирна или со големи засеци и деколтеа; бермуди, хеланки и спортска облека; обувки, чевли кои целосно ги откриваат прстите, стапалата или петиците, кломпи,; секаков вид на пирсинг, облека која содржи зборови, изрази или слики кои можат да бидат навредливи или неприфатливи за другите вработени, за граѓаните и за корисниците на услугите на Општина Штип.

## 14. ПРИЈАВУВАЊЕ ЗА НЕПОЧИТУВАЊЕ НА ОДРЕДБИТЕ ОД ОВИЕ ЕТИЧКИ ПРАВИЛА

Член 60

Вработените во општинската администрација на Општина Штип поднесуваат пријава до одделение за управување на човечки ресурси или Секретарот на Општина Штип кога ќе утврди дека постои оправдано и докажано сомнение дека постои повреда на одредбите од овој Правилник од страна на друг вработен.

Вработените се должни да го пријават секое сомнение или постоење на докази за незаконско или противправно работење поврзано со општинската администрација како и непочитување на одредбите од овие Етички правила.

Вработените кои пријавиле оправдани сомневања или доставиле докази за постоење на сомненија за незаконско или противправно работење поврзано со општинската администрација како и повреда на одредбите од овие Етички правила, врз реална и разумна основа, како и со чесни намери, не можат да бидат повикани на одговорност за извршеното пријавување.

Однапред се осудува секое пријавување чии намери не се чесни, кое доколку се докаже се смета за дисциплински прекршок.

## 15. ДИСЦИПЛИНСКА ОДГОВОРНОСТ

Член 61

За непочитувањето на одредбите од овие Етички правила вработените во Општина Штип одговараат дисциплински и тоа:

- Административните службеници согласно членовите 72 и 73 од Законот за административни службеници;
- Помошно – техничките лица и професионалните пожарникари вработени во ТППЕ во Општина Штип согласно член 81 и 82 од Законот за работните односи.

## 16. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 62

Овај Правилник влегува во сила со денот на неговото донесување и истиот ќе се објави во Службен гласник на Општина Штип.

Број 09-1052/1
07.02.2024 година

Ш т и п

Општина Штип
Градоначалник

Иван Јорданов, с.р.

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Работна недела од 07:30 часот до 15:30 часот дата од ___________ до ____________ година ( се внесуваат датумите од работната недела)** | | | | | |
| Понеделник | | Работни задачи согласно работното место на вработениот | Потребно време и временски период на извршување на работните задачи согласно работното место | Потребно време и временски период на извршување на работните задачи доделени со задолжение или овластување | Временски период на извршување на работни задачи согласно приориет во текот на работниот ден |
| | Работни задачи согласно работното место на вработениот | | | | |
| | Работни задачи кои во текот на работно време се извршуваат доделени со задолжение или овластување | | | | |
| | Извршени работни задачи согласно приоритет во работните задачи | | | | |
| Вторник | | | | | |
| | Работни задачи | | | | |
| | Работни задачи кои во текот на работно време се извршуваат доделени со задолжение или овластување | | | | |
| | Извршени работни задачи согласно приоритет во работните задачи | | | | |
| Среда | | | | | |
| | Работни задачи | | | | |
| | Работни задачи кои во текот на работно време се извршуваат доделени со задолжение или овластување | | | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Извршени работни задачи согласно приоритет во работните задачи | | | | |
| Четврток | | | | | |
| | Работни задачи | | | | |
| | Работни задачи кои во текот на работно време се извршуваат доделени со задолжение или овластување | | | | |
| | Извршени работни задачи согласно приоритет во работните задачи | | | | |
| Петок | | | | | |
| | Работни задачи | | | | |
| | Работни задачи кои во текот на работно време се извршуваат доделени со задолжение или овластување | | | | |
| | Извршени работни задачи согласно приоритет во работните задачи | | | | |